Република Македонија

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ
НА МАКЕДОНИЈА
Број: 02 - 9068/2
05.07. 2007 год.
С к о п ј е

ЗАПИСНИК
од XV-та седница на Управниот одбор на
Фондот за здравствено осигурување на Македонија,

одржана на 05.07.2007 година во 11.00 часот, во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија

Присутни членови на Управниот одбор:

- *Аљбон Џемаили, претставник од Министерството за здравство-претседател ;*
- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, државен секретар во Министерството за финансии - заменик претседател;*
- *М-р Маријана Лончар Велкова, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член*
- *М-р Борис Јосифовски, пензионер, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*

Отсутни членови на Управниот одбор:

- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член. Од здравствени причини не беше во состојба да присуствува на седницата за што пред нејзиниот почеток го извести претседателот.*

Присутни од ФЗОМ:

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ*
- *Љатиф Аљиљи, заменик на директорот*
- *Лазар Трајчев, помошник на директорот за правни работи (делумно присутен)*
- *Ромела Поповиќ, помошник на директорот за финансии (делумно присутна)*
- *Слаѓана Пешевска, помошник на директорот за секторот човечки ресурси (делумно присутна)*
- *Златко Алексов, раководител на одделението за јавни набавки (делумно присутен)*
- *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар*

Претседателот Аљбон Џемаили ја отвори седницата. Утврди дека на седницата присуствуваат шест членови на УО меѓу кои се претставниците на Министерството за здравство и Министерството за финансии со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување. Потоа го предложи следниот

П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д

-Усвојување на записниците од XIII и XIV седница на Управниот одбор

1. ***Предлог одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на оддалечени рурални места.***
2. ***Предлог правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурени лица во странство.***
3. ***Утврдување на пречистени текстови на општи акти на Фондот:***

1. *Правилник за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжително здравствено осигурување;*
2. *Правилник за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала*;
3. *Одлука за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала закои осигурените лица можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
4. *Одлука за утврдување на референтни цени за системи за илеостоми,колостоми и уростоми, плочки и паста што пагаат на товар на Фондот за здравствено осигурување ма Македонија*;
5. *Одлука за утврдување на висината на учество на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите;*

6. *Правилник за начинот на плакањето на здравствените услуги во Примарната здравствена заштита;*
7. *Правилник за начинот на плакањето на здравствените услуги во Примарната стоматолошка здравствена заштита;*
8. *Правилник за критериумите за склучување договори и за начинот на плакање на здравствените услуги кои вршат Специјалистичка - консултативна и болничка здравствена заштита;*

9. *Правилник за критериумите за склучување договори и за начинот на плакање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се препишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита;*
10. *Правилник за начинот на плакањето на лабараторискиte испитувања во специјалистичко консултативна здравствена заштита по упат на избран лекар.*

4. Разно:

1. *Одлука за изменување на планот за јавни набавки;*
2. *Приговор од работен однос;*
3. *Барање од Специјалната болница за гинекологија и акушерство Чаир;*
4. *Предлог од "Трудбеник" Охрид;*
5. *Известување на директорот за позитивната листа на лекови;*
6. *Известување на директорот за оценувањето на уставноста на одредбата за двајца директори во Законот за здравственото осигурување;*
7. *Известување на директорот за ОЗТ Институти.*

Членовите на Управниот одбор на ФЗОМ едногласно го прифатија и усвоија следниот

Д Н Е В Е Н Р Е Д

-Усвојување на записниците од XIII и XIV седница на Управниот одбор

1. Предлог одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на оддалечени рурални места.
2. Предлог правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурени лица во странство.
3. Утврдување на пречистени текстови на општи акти на Фондот:

1. *Правилник за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжително здравствено осигурување;*
2. *Правилник за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала*;
3. *Одлука за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала закои осигурените лица можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
4. *Одлука за утврдување на референтни цени за системи за*

илеостоми,колостоми и уростоми, плочки и паста што пагаат на товар на Фондот за здравствено осигурување ма Македонија;
5. *Одлука за утврдување на висината на учество на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите;*
6. *Правилник за начинот на плакањето на здравствените услуги во Примарната здравствена заштита;*
7. *Правилник за начинот на плакањето на здравствените услуги во Примарната стоматолошка здравствена заштита;*
8. *Правилник за критериумите за склучување договори и за начинот на плакање на здравствените услуги кои вршат Специјалистичка - консултативна и болничка здравствена заштита;*
9. *Правилник за критериумите за склучување договори и за начинот на плакање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се препишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита;*
10. *Правилник за начинот на плакањето на лабараториските испитувања во специјалистичко консултативна здравствена заштита по упат на избран лекар.*

4. Разно:
1. *Одлука за изменување на планот за јавни набавки;*
2. *Приговор од работен однос;*
3. *Барање од Специјалната болница за гинекологија и акушерство Чаир;*
4. *Предлог од "Трудбеник" Охрид;*
5. *Известување на директорот за позитивната листа на лекови;*
6. *Известување на директорот за оценувањето на уставноста на одредбата за двајца директори во Законот за здравственото осигурување;*
7. *Известување на директорот за ОЗТ Институти*

Потоа се пристапи кон разгледување на точките од дневниот ред.

- Усвојување на записниците од XIII и XIV седница на Управниот одбор

Членовите на Управниот одбор, едногласно и без забелешки ги усвоија записниците од тринаесетата и четиринаесетата седница.

ТОЧКА 1 - Предлог одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на оддалечени рурални места.

Лазар Трајчев објасни дека е планирано основање на комисија која ќе ги утврдува руралните места. Одлуката предложена на оваа седница на Управниот одбор не се однесува на утврдување на нови рурални места туку на правата кои произлегуваат од одлуката, односно досега се признаваше правото на руралност само за една (општа или стоматолошка), а сега се признава право на руралност за општа и за стоматолошка, независно една од друга.

Трајче Леов наведе дека во руралните средини има населени места со стотина и повеќе жители во кои порано функционирале амбуланти што се сега запуштени. Смета дека е потребно тие места да бидат покриени од матични лекари од блиските места при што би се користеле постоечките сега запуштени амбуланти.

Маријана Лончар Велкова се согласи дека целата територија на Република Македонија треба да биде во целост покриена, но искажа дилема дали таа политика треба да биде планирана и спроведена од Фондот или е тоа домен на Министерството за здравство.

Снежана Костадиноска Милошеска смета дека оваа политика треба да биде вклучена во вкупната регионална политика што ја води Министерството за локална самоуправа.

Директорот Тренкоски наведе дека не е задоволен од одлуката за рурални подрачја од 2003 година и поради тоа ќе се заложи за нејзина темелна преработка. За таа цел предлага да се основа посебна комисија за утврдување на руралните места.

Љубиша Каранфиловски смета дека предложената одлука не навлегува во доменот на утврдување на рурални места и усогласување со политиката што ја спроведува Министерството за локална самоуправа, туку им овозможува на лекарите да даваат здравствени услуги во блиските рурални места во кои не работат матични лекари. Како таква ја поддржува.

Снежана Костадиноска Милошеска праша кога лекарите ќе добиваат додаток за работа во рурални подрачја, на што доби одговор од Лазар Трајчев дека тоа веќе го добиваат. Понатаму наведе дека согласно меѓународните стандарди, државата треба да определи кои места ќе бидат прогласени за економски неразвиени, пасивни и од посебен интерес за државата.

Аљбон Џемаили ги извести членовите на Управниот одбор дека од министерот е доставено барање три места да бидат вклучени меѓу руралните. Се работи за село Крани, село Србиново и село Долно Јаболчиште.

Снежана Костадиноска Милошеска предложи при одлучувањето за овој предлог да се респектира владината одлука во која се вклучени повеќе критериуми.

Директорот Тренкоски даде поддршка на барањето на министерот, наведувајќи дека ова вклучување ќе важи само до крајот на годината. Додаде дека Фондот ќе ги проучи критериумите на Владата и ќе ги примени со почеток од 2008 година.

На крајот, Управниот одбор одлучи барањето на министерот за здравство да биде вклучено во текстот на одлуката по што едногласно донесе

Одлука
за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на оддалечени рурални места, и

Заклучок: *Да се изготви целосно нова систематизација на рурални места од 2008 година.*

ТОЧКА 2 - Предлог правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурени лица во странство.

По оваа точка, Лазар Трајчев образложи дека предложената измена е заради усогласување со измените на Законот на здравственото осигурување од 23 март 2007 година.

По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе

Правилник
за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурени лица во странство

ТОЧКА 3 - Утврдување на пречистени текстови на општи акти на Фондот:

Лазар Трајчев објасни дека се поднесени заради усвојување пречистени текстови на десет општи акти донесени од Управниот одбор. Потребата за изготвување на пречистените текстови се наметна од причина што овие акти се изменувани и дополнувани повеќе пати што предизвикува тешкотии во нивната примена. На една од претходните седници и самите членови на Управниот одбор укажаа на овој факт. Со усвојувањето на пречистен текст, стручните служби на Фондот ќе можат побрзо и поедноставно да постапуваат кога ги применуваат овие општи акти. Исто така, со нивно објавување на интернет страницата на Фондот, и осигурените лица ќе можат полесно да се запознаат со своите права од здравственото осигурување.

Потоа се пристапи кон усвојување на пречистените ткстови на одделните општи акти.

1. *Правилник за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжително здравствено осигурување;*

Борис Јосифовски забележа дека во член 12, став 4 е предвидено дека за добивање на секоја услуга е предвидено поднесување на потврда за платен придонес за здравствено осигурување. Сметам дека со тоа се оптоваруваат осигурениците за секоја услуга да се обраќаат во подрачната служба на Фондот за добивање потврда а потоа да се обратат на установата каде ќе ја побараат услугата

На ова Лазар Трајчев објасни дека не станува збор за некоја посебна потврда за платен придонес туку тоа е законскиот термин што го означува популарно нареченият син картон. Секое лице за кое е платен придонесот добива ваква потврда и ја користи секогаш кога ќе побара здравствена услуга на товар на Фондот.

Борис Јосифовски посочи и на член 14, точка 7. Со оваа одредба се обврзуваат сите осигуреници да изберат стоматолог. Смета дека ваквата одредба служи само за на овие лекари да им се обезбеди капитација и за лицата кои не ги избрале.

На ова се надоврза директорот Тренкоски кој исто така смета дека не може некој да добива средства за лице кое не го избрало.

Снежана Костадиноска Милошеска предложи утврдувањето на пречистениот текст на овој правилник како и на пречистените текстови на другите општи акти да се одложи за наредната седница на Управниот одбор. Во меѓувреме, членовите да ги проучат текстовите и доколку имаат сугестии за поинакво решавање на одредени прашања тоа да го изложат на седницата.

По ова, Управниот одбор реши точката 3 од дневниот ред - Утврдување на пречистени текстови на општи акти на Фондот, да се одложи за наредната седница на Управниот одбор.

ТОЧКА 4 - Разно:

1. Одлука за изменување на планот за јавни набавки;

За набавката на адвокатски услуги објаснување даде Лазар Трајчев. Тој наведе дека правниците во Фондот се воглавно ангажирани во постапување во управна постапка. Мал дел од нив ги имаат потребните квалификации за водење на сложените судски постапки со висока вредност. Со оглед на дејноста што ја извршува, Фондот е често е вклучен во милионски врдни спорови поради што има потреба од специјализирано знаење за нивно водење.

На ова се надоврза Снежана Костадиноска Милошеска која наведе дека во 2006 година Република Македонија изгубила спорови во вредност од 2 милијарди денари. Поради тоа се поставило прашањето дали државата во споровите со правни и физички лица е квалитетно застапувана. Став на Владата е заради заштита на државниот имот да се ангажираат врвни правни стручњаци - адвокати. Се смета дека трошоците за нивното ангажирање ќе бидат повеќекратно оправдани преку значително зголемување на успехот во споровите.

Директорот Тренкоски дополни дека врвен интерес на Фондот и здравството во Република Македонија е да се одржи финансиската стабилност на Фондот за што менаџментот на Фондот е подготвен да ги превземе сите мерки. Поради тоа, Фондот не може да си дозволи одлив на средства поради неквалитетно застапување во постапките пред судовите. Ги извести членовите на Управниот одбор за последните успеси во споровите со некои веледрогерии по што за првпат се случило веледрогерии и да отпишат долгови на Фондот, и тоа во вредност од 50 милиони денари.

Управниот одбор се согласи да ја одобри оваа набавка и што побрзо да почне примената.

По објаснувањата, Управниот одбор едногласно донесе

Одлука
за изменување и дополнување на Планот за јавни набавки во 2007 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија

2. Приговор од работен однос;

Управниот одбор го разгледа приговорот против Решението бр. 04-8690/1 од 20.06.2007 година со кое е изречена мерка престанување на работниот однос. Во приговорот се бара Управниот одбор ова решение да го укине.

Во расправата, членовите на Управниот одбор побараа од менаџментот да ги коментира наводите во приговорот во кои се истакнува долгогодишното совесно и успешно работење на работникот во Фондот. Директорот Тренкоски ги потврди тие наводи.

Со оглед на тоа, Управниот одбор го уважи приговорот, го укина решението на директорот на Фондот за престанок на работниот однос, и донесе одлука со која решението за престанок на работниот однос се заменува со решение за парична казна во висина од 15 % од платата во траење од три месеци.

3. Барање од Специјалната болница за гинекологија и акушерство "Чаир";

До Управниот одбор е доставено барање од Специјалната болница за гинекологија и акушерство "Чаир" за обезбедување на опрема за нормално функционирање на болницата. Тоа од причина што опремата во болницата била застарена.

Директорот Тренкоски објасни дека Владата на Република Македонија изготвува план за набавка на опрема за здравството во кој ќе бидат земени предвид и потребите на оваа болница. Барањата за обезбедување на опрема на јавните здравствени установи треба да се упатуваат до Министерството за здравство а не до Фондот кој е купувач на услуги за своите осигуреници а не установа која инвестира во објекти..

По објаснувањето на директорот, Управниот одбор едногласно го одби барањето на Специјалната болница за гинекологија и акушерство "Чаир".

4. Предлог од "Трудбеник" Охрид;

Управниот одбор го разгледа предлогот од АДГ "Трудбеник" Охрид за начинот на исплата на побарување спрема Фондот.

Објаснување даде Лазар Трајчев кој наведе дека не е законски Фондот да прифати плаќање на придонес во износ помал од утврдениот според законските прописи. Освен тоа, над Трудбеник била отворена стечајна постапка која завршила со усвојување на план за реорганизација и финансиска консолидација. Овој план е усвоен од доверителите и неговите одредби се задолжителни како за доверителите, така и за должникот Трудбеник. Во планот за реорганизација е утврдена висината на долгот на Трудбеник спрема Фондот на 8.468.078,00 денари и рокот за негово плаќање. Според тоа, должникот треба да постапи согласно планот.

Борис Јосифовски смета дека предлогот треба да се прифати зашто прашање е колку Фондот ќе може да наплати од заостанатиот долг. Во дискусијата го поддржа и Маријана Лончар Велкова.

Љубиша Каранфиловски нагласи дека плаќањето на придонесот е задолжително според законот и смета дека не постои можност на одредени субјекти да им се дозволи плаќањето да го извршат во намален износ.

По оваа дискусија, Управниот одбор едногласно го одби предлогот на Трудбеник.

5. *Известување на директорот за позитивната листа на лекови;*

Директорот Тренкоски ги извести членовите на Управниот одбор дека Светската банка дала согласност на изготвената позитивна листа. Побара Управниот одбор да се изјасни, кога листата придружена со коментарите на Светската банка и мислењето на стручната служба на Фондот да биде ставена на дневен ред. Упавниот одбор треба да одлучи и дали листата ќе биде дел од актуелниот тендер или за новите лекови од листата да се утврдат референтни цени.

6. *Известување на директорот за оценувањето на уставноста на одредбата за двајца директори во Законот за здравственото осигурување;*

Директорот Тренкоски го извести Управниот одбор дека Уставниот суд го укинал членот 57 од Законот за здравственото осигурување. Во овој член е предвидено дека работоводниот орган на Фондот (директорот) се состои од две лица и дека за директор може да биде именувано домашно или странско физичко лице. Бидејќи во меѓувреме, согласно тогаш важечките одредби на законот, беше објавен конкурс за избор на директор, Управниот одбор треба да одлучи дали ќе го поништи конкурсот или ќе изврши избор. Конкурсот е отворен до 15 јули.

По излагањето на директорот, дискутираа Трајче Леов и Маријана Лончар Велкова. Потоа, Лазар Трајчев објасни дека одлуката на Уставниот суд сеуште не е објавена во Службен весник што значи дека не е во сила.

На крајот, Управниот одбор донесе

Заклучок: *Доколку одлуката на Уставниот суд биде објавена пред истекот на рокот за пријавување по конкурсот односно пред 15 јули, конкурсот ќе се преразгледа. Во таков случај, доколку не изврши избор, се задолжува менаџментот на Фондот, тоа да биде објавено во медиумите во кои конкурсот бил првично објавен.*

7. *Известување на директорот за ООЗТ Институти.*

Директорот Тренкоски го извести Управниот одбор дека ООЗТ Институти е единствена здравствена установа која нема потпишано договор со Фондот. Стојмир Петров побарал бришење на клаузулата од договорот со кој здравствената установа го отпишува побарувањето од предходните години. Директорот ги запозна членовите дека не може да стане збор за побарувања од предходни години од причина што до сега ООЗТ Институти, како и другите јавни здравствени установи немале склучено договор со Фондот и тие побарувања се фиктивни. Исто така не може поради барањето на една здравствена установа да

се менува теркот на договорот кој е потпишан од страна на сите други јавни здравствени установи.

Управниот одбор едногласно донесе

Заклучок: *Да не се менува теркот на договорот само за ООЗТ Институти и да не се врши исплата на средства додека директорот Стојмир Петров не го потпише договорот како директорите на сите други јавни здравствени установи.*

Управниот одбор заврши со работа во 14.15 часот.

Записничар,
Христо Трповски

Управен одбор
Претседател,
Аљбон Џемаили